# СЕВЕРНА ВО МАКЕДОНИЈА

Преку техничка соработка, бесповратни средства и заем во јени, JICA е активна во областите заштита на животната средина и развој на приватниот сектор во Северна Македонија.

## ПРОЕКТ ЗА ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ ЗА ЕКОСИСТЕМСКИ БАЗИРАНО НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИЦИ ОД КАТАСТРОФИ (ECO-DRR) ПРЕКУ ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ШУМИТЕ

Шема: **Техничка соработка**
Проектен период: **декември 2017 – декември 2022**
Партнерски организации: **Центар за управување со кризи, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавно претпријатие Национални шуми**

Имајќи предвид дека Северна Македонија претежно се протега во планинска област, управувањето со шумите е прашање со висок приоритет. Свлечиштата и поплавите предизвикани од ерозија на почвата и шумските пожари влијаат врз животите на многуте луѓе и на цели заедници.

Преку овој проект, постоечкиот македонски Информативен систем за шумски пожари (MKFFIS) ќе се надогради и ќе се прошири со цел зајакнување на превенцијата од катастрофи и намалување на ефектот на природните катастрофи предизвикани од шумски пожари, порои, поплави, ерозија на почвата и свлечишта.



*Инсталирање на парцели за надгледување на шуми*



*Мерења на терен*

## ПРОЕКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ, ОПРЕМА ЗА ЗВУК И ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА Н.И. НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ

Шема:
**Бесповратни средства**
Партнерска организација:
**Национална опера и балет**

Македонска опера и балет (од 2019, Национална опера и балет) игра важна улога во македонската култура бидејќи е единствена професионална опера и балет во земјата. Во неа се изведени голем број опери и балети од класичниот и современиот репертоар.

JICA ги препозна важноста на оваа институција и нејзиниот придонес во македонската култура. Бесповратните средства за набавка на нови инструменти за симфониски оркестар и звучна опрема ќе бидат комплетирани во 2020 година. Новите инструменти и опрема ќе придонесат за квалитетот на македонската музичка култура, како и за зголемување на настапите во земјата и надвор од неа.

## ПРОЕКТ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ И ПРОМОВИРАЊЕ НА МЕНТОРСКИ УСЛУГИ ВО МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА НА ЗАПАДЕН БАЛКАН (ФАЗА 2)

Шема: **Техничка соработка**
Проектен период: **септември 2017 – август 2020**
Партнерски организации: **Агенција за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија**

Проектот има за цел да воспостави „Систем на менторски услуги" во кој менторите им даваат практични совети на малите и средни претпријатија за развој на нивното работење. Овој систем се заснова на јапонското искуство на државните советници за мали и средни претпријатија кои добиле сертификат од владата. Првата фаза од проектот JICA ја започна 2008 година во Србија; во фаза 2 од Проектот, проектот се прошири на Босна и Херцеговина, Северна Македонија и Црна Гора.

Менторите во Северна Македонија имаат различни професионални ориентации и вклученост во Регионалните центри; меѓутоа, со заедничкото работење, тие создаваат синергија и меѓусебно се надополнуваат во обезбедувањето менторски услуги во корист на малите и средни претпријатија.





*Состанок на менторите*

# ЗА АГЕНЦИЈАТА JICA

Јапонската агенција за меѓународна соработка (Japan International Cooperation Agency - JICA) им помага и ги поддржува земјите во развој како извршна агенција на Јапонската Официјална помош за развој (ОПР).

Во согласност со својата визија „Водете го светот со доверба“, JICA го поддржува решавањето на проблемите на земјите во развој и земјите во транзиција користејќи најсоодветни алатки и различни методи за помош и комбиниран пристап ориентиран кон регионот, земјата и проблемите.

JICA е одговорна за администрација на целокупната ОПР, како што се техничка соработка, финансиска и инвестициска соработка и грантови на интегриран начин, освен придонеси за меѓународни организации. JICA, најголема светска агенција за билатерална помош, работи во повеќе од 150 земји и региони и има околу 90 канцеларии во странство.

## Техничка соработка

За развој на човечките ресурси и формулирање на административните системи на земјите во развој, техничката соработка вклучува испраќање на експерти, обезбедување на потребната опрема и обука на лицата од земјите во развој во Јапонија и во други земји. Плановите за соработка можат да се прилагодат за да одговорат на широк спектар на прашања.



*Проект за градење на капацитети за Екосистемски базирано намалување на ризици од катастрофи (Eco-DRR) преку одржливо управување со шумите*



*Проект за воспоставување и промоција на менторските услуги во мали и средни претпријатија во Западен Балкан (фаза 2)*



*Регионална економска и социјална ревитализација преку развој на туризмот: Регионално брендирање и маркетинг во Хокаидо*

## Финансиска и инвестициска соработка

### ODA ЗАЕМ

ODA заемите ги поддржуваат земјите во развој преку долгорочни и концесиски финансиски средства со ниски камати. ODA заемите се користат за инфраструктура со големи размери и за други видови на развој за кои се потребни значителни средства.

### ИНВЕСТИЦИСКО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

JICA го поддржува забрзувањето на економскиот / социјалниот раст на земјите во развој преку приватниот сектор, преку инвестиции во долг и капитал за развојни проекти на приватни компании.




*Проект за масовен и брз транспортен систем во Делхи, фаза 2 (Индија)*

## Бесповратни средства

Бесповратни средства се финансиски средства дадени на земји во развој кои имаат ниско ниво на приходи, без обврска за отплата. Бесповратните средства се користат за подобрување на основната инфраструктура како што се училишта, болници, водоводни објекти и патишта, како и за добивање на здравствена и медицинска нега, набавка на опрема и други потреби.



*Проект за подобрување на медицинската опрема за услугите од примарното здравство*

- Помош во катастрофи
- Истражувања
- Соработка преку учество на граѓаните

# ЗА КАНЦЕЛАРИЈАТА ЗА БАЛКАН НА JICA

Основана е 2006 година во Белград, Србија, Канцеларијата за Балкан агенции на JICA ги опфаќа Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Северна Македонија, Црна Гора и Србија. Канцеларијата за Балкан агенции на JICA им дава помош за раст и стабилност на земјите од регионот, работејќи воглавно во областите на заштита на животната средина, развој на приватниот сектор и консолидација на мирот.

*Јапонската влада го призна Косово како независна земја на 18 март 2008.

Последна измена: декември 2019

**КАНЦЕЛАРИЈА ЗА БАЛКАН НА ЈАПОНСКАТА АГЕНЦИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**

Бизнис центар УШЌЕ, 17 кат, Булевар Михајла Пупина 6, 11070 Белград, Србија

ТЕЛ: +381-(0)11-2200-750

ФАКС: +381-(0)11-2200-761

www.jica.go.jp/balkan/english/office/index.html

Facebook: www.facebook.com/jicabalkanoffice/